Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-750/1
19-06-2026 20___ год. viti
Shkup

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) и Предлогот доставен од членот известител **проф. д-рАјтен Хајдари – Ќамили** бр.26-616/3 од 16.06.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 16.06.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Албански јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование**

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Албански јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование со шифра 022 од Друштвото за издаваштво ЛИТЕРА ГРОУП ДООЕЛ Скопје, од авторите: Авзи Мустафа и Феџиде Зеќири.

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука.Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 09.12.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во гимназиско образование бр.26-1316/1 од 09.12.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка службаво рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-318/4 од 12.03.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-41/1 од 13.03.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-318/9 од 13.03.2026 година и допис бр.32-42/1 од 13.03.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-318/10 од 13.03.2026 година шифрираните ракописи за учебник со шифра 021, шифра 022 и шифра 023, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-318/11 од 13.03.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис со бр.09-735/3 од 24.03.2026 година заверен во писарницата на Министерството бр. 26-318/12 од 24.03.2026 година, до Педагошката служба

достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра 021, шифра 022 и шифра 023 по наставниот предмет **Албански јазик и литература за II (втора) гимназиско образование**.

Во мислењето е наведено дека ракописите за учебник со шифра 022 и шифра 023 шифра ги исполнуваат критериумите во однос на прилагодувањето со наставната програма поради што Бирото за развој на образованието дава позитивно мислење и постапката продолжува. За ракописот за учебник со шифра 021 е надевено дека истиот не ги исполнува сите критериуми во однос на прилагодувањето со наставната програма поради што не дава позитивно мислење а согласно член 14 став (8) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) постапката за овој ракопис за учебник се прекинува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 02.04.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-465/1 од 17.04.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник по наставниот предмет **Албански јазик и литература за II (втора) гимназиско образование.**

На ден 08.05.2026 година Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставила две стручни мислења со бр.26-598/5 и 26-598/10. Во Стручното мислење со бр.26-598/5 од 08.05.2026 година кое се однесува на ракописот за учебник со шифра 022 е наведено дека истиот ги исполнува методските, образовните и другите норми според наставниот план и програма и по корекција на забелешките и редуцирање на тиражот истиот може да биде одобрен за печатење. Во Стручното мислење бр.26-598/10 од 08.05.2026 година е наведено дека ракописот за учебник со шифра 023 не ги исполнува во целост потребните критериуми и стандарди за да биде одобрен како наставен учебник за гимназиско образование.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 27.04.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-616/1 од 15.05.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-616/2 од 15.05.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи да ги прифати извештаите на Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија, ракописите за учебник со шифра 021 и 023 да не ги прифати за учебници а ракописот за учебник со шифра 022 да го врати на доработка и да го прифати за учебник откако ќе се изврши корекција на дадените забелешки.

Педагошката служба со допис бр.26-318-/13 од 19.05.2026 година се обрати до Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1316/1 од 09.12.2025 со напомена истиот да биде делумно јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-78/1 од 19.05.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-318/14 од 19.05.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-34/1 од 13.03.2026 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвараат се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-34/1 од 13.03.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-318/15 од 19.05.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Албански јазик и литература за II (втора) гимназиско образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесен е предлог да биде одобрен ракописот за учебник со шифра 022, но по внесување на забелешките од Рецензентската комисија.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-34/1 од 13.03.2026 година на интернет страницата за дел од шифрите констатирано дека:

- За ракописот за учебник **со шифра 021** се јавува Друштвото за издавачка дејност АЛБАС ДОО увоз-извоз Тетово со авторите: Агим Лека и Аслан Хамити.
- За ракописот за учебник **со шифра 022** се јавува Друштвото за издаваштво ЛИТЕРА ГРОУП ДООЕЛ Скопје, со авторите: Авзи Мустафа и Феџиде Зеќири.
- За ракописот за учебник **со шифра 023** се јавува Друштвото за продукција, маркетинг, дизајн, промет и услуги АРБЕРИА ДЕСИГН ДООЕЛ експорт-импорт Тетово со авторите Бертон Сулејмани и Салајдин Салихи.

Педагошка служба со допис број 26-647/4 од 21.05.2026 година до издавачот ги достави забелешките од рецензентската комисија, со цел да се направат посочените корекции и истиот да може да ја продолжи процедурата за издавање и употреба.

Издавачот со бр.26-647/10 од 01.06.2026 година до Педагошка служба достави коригиран ракопис по наставниот предмет **Албански јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование.**

Педагошката служба со допис број 26-647/11 од 01.06.2026 година, по електронски пат го достави коригираниот ракопис за учебник до членовите на Рецензентската комисија.

Рецензентската комисија достави стручно мислење во однос на коригираниот ракопис со број 26-598/11 од 04.06.2026 година, во кое е дадена забелешка ракописот за учебник треба да помине уште една лектура за да се отстранат преостанатите технички и јазични пропусти.

Педагошка служба на ден 04.06.2026 година до издавачот ги достави забелешките од Рецензентската комисија по електронски пат, со цел да се направат посочените корекции и истиот да може да ја продолжи процедурата за издавање и употреба.

Издавачката куќа со допис број 26-647/13 од 10.06.2026 година до Педагошка служба достави коригиран ракопис по наставниот предмет **Албански јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование**.

Рецензентската комисија достави стручни мислења во однос на коригираниот ракопис со број 26-647/14 од 12.06.2026 година, со број 26-647/15 од 15.06.2026 година и со број 26-647/16 од 15.06.2026 година со кои потврдуваат дека дадените забелешки се имплементирани во ракописот за учебник од страна на издавачот и со тоа ракописот за учебник може да продолжи во понатамошна постапка.

На седницата одржана на 16.06.2026 година, членот известител со допис заведен под архивски бр.26-616/3 од 16.06.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи ракописот за учебник по наставниот предмет **Албански јазик и литература за II (втора) гимназиско образование, со шифра 022** да биде одобрен и продолжи во понатамошна постапка.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 16.06.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф.д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.06.19 12:01:16 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи